# 9. МОМЕ МИ ТЕ ФАЛАТ

Крај: Тиквеш, Кавадарци
Пеела: Фруса Темелкова
Родена: Кавадарци, 1885 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: неснимена
Забележена: Кавадарци, Тиквеш
меѓу 1932 и 1938 год.
Мелограф.: Кавадарци, 1932—36 г.




1. Моме ми те фалат
ногу си било работно,
моме ми те фалат,
ногу си било работно.

2. Моме ќе ти купам,
до сто драма бубаќ,
моме ќе ти купам,
до сто драма бубаќ.

3. Моме да искаиш,
триста лакти платно,
моме да искаиш,
триста лакти платно.

4. Моме што ќ'остане,
една тенка риза,
моме што ќ'остане,
една тенка риза.

5\. Момче ми те фалат,
ногу си било работно,
момче ми те фалат,
ногу си било работно.

6\. Момче ќе ти купам,
до сто драма злато,
момче ќе ти купам,
до сто драма злато.

7\. Момче да направиш,
еден златен разбој,
момче да направиш,
еден златен разбој.

8\. Момче шо ќ'остане,
еден златен прстен,
момче шо ќ'остане,
еден златен прстен.

9\. Момче ако скриеш,
в земја да се скриеш,
момче ако скриеш,
в земја да се скриеш.

Забелешка: секој прв стих во мелострофата се пее по двапати.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978